РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-288/3
12 -04- 2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-та седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-5536/1 од 03.06.2022 година, оформен по доставена пријава во врска со објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во НУ ---------- во ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-5536/1 од 03.06.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.06.2023 година, поднесена е пријава во врска со објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во НУ ---------- во ---------- и оформен е предмет број 12-5536/1 од 03.06.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за нетранспарентност при објавувањето на јавниот оглас со број -----/----, од причина што огласот бил објавен единствено на еден веб портал, понатаму за партиско влијание при вработувањето на лицата, како и за несоодветна висина на платите кои биле утврдени во огласот, односно како што е наведено во пријавата, во огласот било предвидено да се вработат 5 (пет) службеници со утврдена месечна плата од по 40.500,00 денари што според подносителот на пријавата бил високо утврден износ на месечни примања во однос на тоа што се работело за мал ---------.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до НУ ---------- --------- со цел обезбедување на целокупната документација во врска со објавениот јавен оглас и тоа: Правилник за систематизација на установата, спецификација или листа со пополнети работни места, обезбедени финансиски согласности за конкретниот оглас, како и акти за формирање на комисија за спроведувањето на постапката, копија од објавата на огласот и акти кои произлегуваат од постапката за евалуација на кандидатите и избор на соодветни кандидати за вработување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на НУ ---------- беше доставена бараната документација и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

НУ ---------- во периодот од 2020 година па се до објавувањето на јавниот оглас во неколку пати, по претходно донесена Одлука од страна на Управниот одбор при установата, има доставено барања до Министерството за информатичко општество и администрација заради обезбедување согласност за Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места, на кои Министерството за информатичко општество и администрација има дадено позитивен одговор.

Националната установа има донесено Годишен план за вработување за 2022 година со датум од -----.2021 година, каде во делот на планирани вработувања во следната година има предвидено вработувања за вкупно 26 службеници, меѓу кои биле планирани и работните места кои подоцна биле опфатени во јавниот оглас за вработување со бр. ----/----. Годишниот план бил доставен до Министерството за култура, кое со допис од датум ------.2021 бил одобрен без забелешки. Исто така и од страна на Министерството за информатичко општество и администрација било дадено позитивно мислење на Годишниот план за вработување за 2022 година.

Подоцна, на ден ------.2022 година НУ ---------- има доставено барање за вработување до Министерството за култура во кое има наведено дека установата има потреба од итно вработување во 2022 година на даватели на јавни услуги поради тоа што во установата немало вработено ниту едно лице во Секторот за административни, општи и правни работи и во Секторот за сценска техника и заеднички работи. Во барањето се наведени вкупно 11 (единаесет) работни позиции за кои установата имала потреба од вработување. По ова, Министерството за финансии има доставно Известување до Министерството за култура во кое е наведено дека се обезбедени финансиски средства за вработување на 11 (единаесет) лица во текот на 2022 година.

На ден ---------.2022 година НУ ---------- се обратила со Агенцијата за администрација со Барање за објавување на јавен оглас за пополнување на 5 (пет) работни места и тоа за: Раководител на сектор за административни општи и правни работи, Советник за административни општи и правни работи – јавни набавки, Соработник за маркетинг и односи со јавноста, Самостоен референт главен благајник, и Архивар.

Јавниот оглас на ден ---------.2022 година бил објавен во три дневни весници и тоа: Слободен Печат, Нова Македонија и Lajm.

Агенцијата за администрација со Решение формирала Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас во кое се наведени лица задолжени за спроведување на постапката за вработување по јавниот оглас број -----/-----.

Била извршена административна селекција на кандидатите, била спроведена постапка за испит за административен службеник , проверка на веродостојност на докази и интервју со кандидатите, а за што биле изготвени соодветни Записници.

Врз основа на доставената Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по Јавниот оглас бр. ---/----, НУ ---------- има донесено Решенија за вработување на адмнистративни службеници за работните места: Советник за административни општи и правни работи – јавни набавки, Соработник за маркетинг и

односи со јавноста и за работно место Самостоен референт главен благајник, додека за останатите работни места предвидени во огласот и тоа Раководител на сектор за административни општи и правни работи и Архивар била донесена одлука за невршење избор од причина што кандидатите кои се пријавиле на овие работни места не се појавиле на закажаниот термин во фазата на проверка на веродостојност на докази и интервју со кандидатите.

Во врска со наводите од пријавата за тоа дека за работните места по објавениот оглас бил утврден износ на месечни примања во износ од по 40.500,00 денари, ДКСК констатира дека висината на платите била утврдена по Законот за административни службеници и дека наведениот износ на основна плата во висина од 40.500,00 денари бил утврден за работната позиција Раководител на сектор за административни општи и правни работи, а кое не било пополнето по објавениот јавен оглас со број 146---/-----.

Исто така, во однос на транспарентноста при објавувањето на огласот, ДКСК констатира дека наводите не се потврдуваат од причина што истиот бил објавен согласно член 35 став 1 од Законот за административни службеници, односно на веб страната на Агенцијата за администрација и во три дневни весници, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р К.З
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска